

# ГОДИШЕН ИЗВЕШТАЈ

## ЗА 2021 ГОДИНА

# ГОДИШЕН ИЗВЕШТАЈ

## ЗА 2021 ГОДИНА

www.myla.org.mk

**CUPIDA LEGUM IUVENTUS**

# СОДРЖИНА


| | |
|---|---|
| **ПОРАКА ОД ПРЕТСЕДАТЕЛИТЕ** | 5 |
| За Македонското здружение на млади правници | 7 |
| Клучни достигнувања низ бројки во 2021 | 11 |
| Правна помош и стратешко застапување | 13 |
| ПРАВНА ПОМОШ НА ЛИЦА СО НИСКИ ПРИХОДИ И СЕМЕЈСТВА ВО РИЗИК (ПРИМАРНА ПРАВНА ПОМОШ) | 13 |
| ПРАВНА ПОМОШ НА БАРАТЕЛИ НА АЗИЛ И БЕГАЛЦИ | 14 |
| ПРАВНА ПОМОШ НА ЛИЦА БЕЗ ДРЖАВЈАНСТВО | 16 |
| ЖРТВИ НА КРИВИЧНИ ДЕЛА | 16 |
| ЖРТВИ НА ДИСКРИМИНАЦИЈА И ПОВРЕДИ НА ЧОВЕКОВИ ПРАВА | 17 |
| ЛИЦА НА ИЗДРЖУВАЊЕ КАЗНА ЗАТВОР | 17 |
| ГРАЃАНСКИ ОРГАНИЗАЦИИ | 18 |
| ЖРТВИ НА ТРГОВИЈА СО ЛУЃЕ | 18 |
| СТРАТЕШКО ЗАСТАПУВАЊЕ ВО 2020 – КЛУЧНИ ПРЕДМЕТИ | 21 |
| **ПРАВНИ ИСТРАЖУВАЊА И ПОЛИТИКИ** | 25 |
| **35 ПУБЛИКАЦИИ** | 25 |
| 13 извештаи | 26 |
| Анализа 1 | 30 |
| Студии на случај (4) | 31 |
| Правни мислења (1) | 32 |
| Документи за јавни политики (3) | 33 |
| 9 инфографици | 36 |
| 1 списание | 39 |

| | |
|---|---|
| **УЧЕСТВО ВО ИЗРАБОТКА НА ПРОПИСИ** | 41 |
| ЗАКОН ЗА ПРАВДА НА ДЕЦАТА | 41 |
| ЗАКОН ЗА ИСПЛАТА НА ПАРИЧЕН НАДОМЕСТОК НА ЖРТВИ НА КРИВИЧНИ ДЕЛА | 41 |
| ЗАКОН ЗА ПАРНИЧНАТА ПОСТАПКА | 41 |
| ЗАКОН ЗА АДВОКАТУРА | 42 |
| ЗАКОН ЗА ИЗВРШУВАЊЕ | 42 |
| ЗАКОН ЗА СПРЕЧУВАЊЕ И ЗАШТИТА ОД ВОЗНЕМИРУВАЊЕ НА РАБОТНОТО МЕСТО | 42 |
| ЗАКОН ЗА ЕДНАКВИ МОЖНОСТИ НА МАЖИТЕ И ЖЕНИТЕ | 42 |
| **ВМРЕЖУВАЊЕ** | 45 |
| **ПРАВНА ЕДУКАЦИЈА** | 47 |
| HELP DESK за млади правници (поддршка при барање работа и пракса) | 53 |
| ЛОКАЛНИ ИНИЦИЈАТИВИ | 54 |
| E-LEARNING платформа | 59 |
| **ЗАЈАКНУВАЊЕ НА ЈАВНАТА СВЕСТ И СОРАБОТКА** | 61 |
| НАГРАДИ ЗА НОВИНАРИ | 64 |
| МОТИВАЦИСКИ НАСТАН - "Истакнат правник – чекори до успех" | 65 |
| МЕМОРАНДУМИ ЗА СОРАБОТКА 2021 | 66 |

# Порака од претседателите





Зоран Дранговски

Претседател 2016-2021

Александра Цветановска

Претседателка од 2021

Македонското здружение на млади правници, годинава го прослави своето полнолетство, поминавме 18 години на посветена работа, а се со цел да им помогнеме на маргинилизираните заедници и на лицата на кои им се повредени правата, како и да ги дадеме своите максимални заложби за заштитата на човековите права во нашата држава.

Нашето созревање, не беше лесно и беше исполнето со препреки и предизвици, но од денешна перспектива можеме со сигурност да кажеме дека заедно изградивме силна организација која што е подготвена да даде уште значителен придонес и да продолжи со својата ентузијастична енергија.

Годинава, ја продолживме одличната и успешна соработка со институциите, донаторската заедница и граѓански организации. Обезбедивме правна помош на голем број луѓе, бевме присутни со теренска работа каде што бевме потребни и поттикнавме успешни промени во законодавството во насока на овозможување на заштита и почитување на човекови права и правната сигурност во нашава држава.

Во 2022 година остануваме доследни на нашите заложби, секогаш водејќи се од премисата дека ние сме тука да се спротиставиме на прекршувањата на човековите права да дадеме помош на оние на кои им е потребна и постојано да укажуваме дека уживањето на правата е неприкосновено право за сите лица подеднакво.

# ЗА МАКЕДОНСКОТО ЗДРУЖЕНИЕ НА МЛАДИ ПРАВНИЦИ



# МЗМП

Македонското здружение на млади правници (МЗМП) е независна, непрофитна и професионална организација на правници основана во 2003 година. МЗМП ги идентификува младите правници како клучен дел од општеството кој располага со знаење, вештини и желба да придонесе во втемелување на вредностите на заштита на човековите права и владеењето на правото во нашата држава. Со таа цел работата на МЗМП е посветена кон насочување и обуки на младите правници заради зголемување на нивното учество во активности за заштита на човековите права и унапредување на принципот на владеење на правото.

## ВИЗИЈА

МЗМП е водечка правничка организација која ги штити човековите права и се залага за владеење на правото користејќи ја иновативноста и капацитетите на младите правници.

## МИСИЈА

МЗМП преку давање правна помош, правни истражување и јакнење на капацитети на млади правници поттикнува промени во јавните политики и примената на законодавството и врши застапување за заштита и почитување на човекови права и правната сигурност.

# МЗМП

Стратешки цели на МЗМП 2019-2021

1. Правно зајакнување и заштита на основните човекови права;

2. Унапредување на владеење на правото и воедначување на националните политики со правото на ЕУ;

3. Зајакнување на професионализмот, стручноста и интегритетот на младите правници;

4. Подобрување на квалитетот на услугите на институциите кон граѓаните.

## *Активности на МЗМП*

**Заради остварување на воспоставените стратешки цели, активностите на МЗМП се структуирани во три меѓусебно поврзани програми:**

- Правна помош и стратешко застапување
- Правни истражувања и политики
- Правна едукација

# За Македонското здружение на млади правници

## Области на работа

**Приоритетни области на кои работи МЗМП во периодот од 2019 до 2021 се:**

- Пристап до правда за ранливи категории граѓани;
- Азил, миграции и бездржавјанство;
- Правна заштита од дискриминација и повреди на човекови права;
- Права на жртви на кривични дела и трговија со луѓе;
- Заштита на права на лица лишени од слобода;
- Заштита на право на здрава животна средина;
- Правна поддршка на граѓански организации;
- Зајакнување на вештините на младите правници.

# Клучни достигнувања низ бројки во 2019



**4907 БЕСПЛАТНИ ПРАВНИ СОВЕТИ**

МЗМП даде вкупно 4907 бесплатни правни совети и информации;

**38 СУДСКИ ПОСТАПКИ**
**8 СТРАТЕШКИ ПОСТАПКИ**

Поведени се 38 судски постапки, од кои 8 стратешки постапки;

**2040 ПРАВНИ СОВЕТИ**

2040 правни совети и информации за постапката за азил се дадени на лица кои транзитираат низ државата;

**332 ПРАВНА ПОМОШ**

МЗМП обезбеди правна помош на 322 лица од Авганистан со цел да се регулира нивниот правен статус, вклучително и помош за поднесување и добивање едногодишни дозволи за при-времен престој;

**1024 МЛАДИ ПРАВНИЦИ**

1204 млади правници, студенти, адвокати, претставници од правосудни и владини институции, претставници од образовен систем, претставници на граѓанското општество, новинари, како и населението беа обучени во соодветна област;

**58 ОБУКИ** → Спроведени се 58 обуки, работилници, предавања, академии, стратешки форуми и едукативни сесии;

**75 МЛАДИ ПРАВНИЦИ 34 СУДОВИ 7 ГРАДОВИ** → 75 млади правници се стекнаа со практични знаења во 34 судови, граѓански организации, адвокатски канцеларии, Комисија за спречување и заштита од дискриминација и канцелариите на Народен право-бранител во 7 градови во државата;

**35 ПУБЛИКАЦИИ** → Објавени се 35 публикации на специфични теми од областа на правото;

**7 РАБОТНИ ГРУПИ 3 ГРУПИ ЗА ПОДГОТОВКА** → МЗМП беше дел од 7 работни групи за подготовка на закони и учествуваше во 3 групи за подготовка подзаконски акти;

**16 МЕМОРАНДУМИ** → МЗМП склучи 16 меморандуми за соработка.

# ПРАВНА ПОМОШ И СТРАТЕШКО ЗАСТАПУВАЊЕ

**4907** МЗМП даде вкупно 4907 бесплатни правни совети и информации;

**38/8** Поведени се 38 судски постапки, од кои 8 стратешки постапки;

**2040** 2040 правни совети и информации за постапката за азил се дадени на лица кои транзитираат низ државата.

**Програмата за правна помош и стратешко застапување на МЗМП се состои од обезбедување примарна правна помош, правна помош на посебни категории лица и за определени правни прашања, како и стратешко водење на судски предмети од поширок општествен интерес.**

Активностите поврзани со правна помош се обезбедуваат во рамки на посебни проекти. Правната помош се обезбедува од тим од правници вработени во здружението со положен правосуден испит и тим од обучени адвокати.

# ПРАВНА ПОМОШ НА ЛИЦА СО НИСКИ ПРИХОДИ И СЕМЕЈСТВА ВО РИЗИК (ПРИМАРНА ПРАВНА ПОМОШ)

Во текот на 2021 година, МЗМП продолжи да обезбедува примарна правна помош на поединци и семејства со ниски приходи. Примарната правна помош се даваше во согласност со Законот за бесплатна правна помош од 2019 година, прилагодена на условите кои ги наметна вирусот КОВИД-19. Услугите на правна помош МЗМП ги даваше во форма на општи правни информации, правни совети, информации за правото на користење бесплатната правна помош и помош при комплетирање барање за секундарна правна помош. Правната помош, онаму каде не беше возможно да се дава со лично присуство, се даваше преку информатички технологии, телефонски, на емаил, на фејсбук профилите на МЗМП и проектите, како и на други начини за онлајн состанување со заинтересираните лица.

Во овој период, МЗМП даде бесплатна примарна правна помош на 657 лица, а поднесе 29 барања за бесплатна правна помош, од кои 24 се одобрени, 4 се одбиени, додека 1 е се уште во постапка за одобрување. Дванаесет (12) од поднесените барања се однесуваа за решавање статусни прашања пред се за развод на брак, седум (7) барања се однесуваа за привремени мерки за заштита од семејно насилство, четири (4) барања се однесуваа за заштита на деца, четири (4) барања се однесуваа на имотно правни прашања и две (2) барања од други области.

МЗМП формираше 10 мобилни тимови за зајакнување на поддршката на семејствата во ризик и за подобрување на нивниот пристап до социјалните и останати права и услуги. Мобилните тимови беа составени од правници и социјални работници, а беа активни во Скопје, Битола, Прилеп, Штип, Куманово, Гостивар, Тетово и Струга. Со своите активности, тимовите обезбедија помош и поддршка на 384 семејства на кои им беа дадени правни совети и потребни интервенции. Вкупниот број на лица опфатени со активностите на мобилните тимови е 1374, од кои 733 деца, додека директна правна помош и совети е дадена на 294 деца. Најголемиот број на интервенции и советувања беа околу правата согласно Законот за заштита на деца (258 интервенции) и паричните права согласно Законот за социјална заштита (192 интервенции). Вкупната бројка на асистенции и интервенции е 630.

# ПРАВНА ПОМОШ НА БАРАТЕЛИ НА АЗИЛ И БЕГАЛЦИ

МЗМП, 12 години е стратешки партнер на Канцеларијата на Високиот комесар за бегалци на ООН во Северна Македонија (УНХЦР). Во рамки на заедничката соработка МЗМП дава правна помош на лица бегалци, баратели на азил и лица под меѓународна заштита. Правната помош се однесува на постапката за признавање на право на азил, постапка по правен лек како и постапки за интеграција на бегалците. Во 2021 година МЗМП обезбеди 275 правни совети и помош на баратели на азил, а согласно статистика на МЗМП, беа поднесени вкупно 95 барања за азил. По тековните постапки, управни спорови беа поведени во 24 случаи, додека жалби на одлуките на Управниот суд беа поднесени во 23 предмети. На 317 лица кои престојуваат во земјата од 1999 година со потекло од Косово, вкупно 1201 пати им беше дадена правна помош за нивна интеграција во државата. Во прифатно транзитните центри ,,Винојуг" и ,,Табановце" информирање за постапката за добивање право на азил беше дадена на 564 лица. До Народниот Правобранител беа поднесени 3 претставки, а истовремено беа направени 35 писмени и усни интервенции до други институции за индивидуални случаи или генерални прашања со цел почитување на правата на овие лица, укажување на одредена повреда или изнаоѓање на начин за решавање на проблеми кои ги засегаат овие лица. Сумарно во текот на 2021 година се дадени 2040 правни совети и информации за постапката за азил на лица кои транзитираат низ државата, вклучувајќи и баратели на азил и лица под заштита.

За прашања поврзани со азилот и миграциите се вклучени и голем број на адвокати во речиси сите региони во државата, а посебно се издвојуваат два тима на адвокати:

**SLAG (STRATEGIC LITIGATION ASYLUM GROUP)**

Групата за стратешко застапување на предмети во областа на азилот е формирана со цел да идентификува и стратешки да ги застапува оние предмети кои се подобни да создадат промена во законски одредби или во одредени практики кои ги прекршуваат основните права и човекови слободи на бегалците во постапките за азил. Групата се стреми кон подобрување на системот на азил во нашата држава, преку застапување пред органите и судовите во Северна Македонија, но и пред Европскиот суд за човекови права и други меѓународни механизми. Во 2021 година групата продолжи да функционира во состав од четворица адвокати и едно адвокатско друштво.

**ANTENA LAWYERS NETWORK**

Мрежата на "Антена адвокатите" ја сочинуваат шест адвокати од различни региони во нашата држава кои ги следат миграциските движења, пристапот до меѓународна заштита и примена на принципот на невраќање (non-refoulement).

Во 2021 година, МЗМП обезбеди правна помош на 322 лица од Авганистан со цел да се обезбеди нивниот правен статус, вклучително и помош за поднесување и добивање едногодишни дозволи за привремен престој. Во рамки на овие активности, МЗМП даде правна поддршка на 349 лица за поднесување апликации за преселување авганистански државјани во Канада во рамките на канадската програма за преселување бегалци. Дополнително МЗМП учествуваше и со помош во други координативни активности и логистика, изготви правно мислење во поглед на регулирање на престојот на евакуираните лица од Авганистан и одржа состаноци со надлежните институции.

# ПРАВНА ПОМОШ НА ЛИЦА БЕЗ ДРЖАВЈАНСТВО

Правна помош на лица без државјанство МЗМП во рамки на проектот ,,Превенција и намалување на бездржавјанство" поддржан од УНХЦР во 2021 година обезбеди правна помош на вкупно 512 лица од кои 27 беа примени во државјанство. Вкупно 15 лица добиле правна помош во постапка за регулирање престој и го регулирале својот престој. Вкупно 23 лица беа запишани во матичната книга

на родените, а 36 лица беа запишани во посебната матична книга на родени согласно Законот за неевидентирани лица во матична книга на родени. За вкупно две лица бил поведен управен спор, за 5 лица биле поднесени ургенции со цел забрзување на постапките и биле поднесени 30 претставки до Народниот правобранител поради долготрајност и нерешавање на предметите во постапките за упис на деца. За пет лица беа прибавени документи од матичните држави на потекло.

## ЖРТВИ НА КРИВИЧНИ ДЕЛА

2021 година е третата година по ред во која функционираше сервисот за правна и психосоцијална поддршка на жртви од насилни кривични дела. Сервисот беше формиран во рамки на проектот ,,Правна поддршка на ранливи жртви на насилни кривични дела'', кој МЗМП го спроведува во партнерство со СОС Детско село Северна Македонија, а поддржано од Европската Унија преку Министерство за финансии - Сектор за централно финансирање и склучување на договори. МЗМП во текот на 2021 година обезбеди информирање на 235 жртви на насилни кривични дела, а преку тимот од обучени адвокати обезбеди сеопфатно правно советување на 97 жртви на насилни кривични дела. Услугите од сервисот се даваа на целата територија на државата.

## ЖРТВИ НА ДИСКРИМИНАЦИЈА И ПОВРЕДИ НА ЧОВЕКОВИ ПРАВА

Преку линијата за бесплатна правна помош, од страна на МЗМП во 2021 година се обезбедени иницијални правни совети поврзани со дискриминација на осум лица, од кои најголем дел беа поврзани со повреда на правото на еднаквост на работа. Дополнително, во периодот на втората половина на 2021 е регистрирано барање за информации од страна на родители на деца со попреченост во однос на остварување на правото на образование заради ненавремена можност за категоризација пред запишување во прво одделение и заради ненавремено обезбедување на образовен асистент во училиштето. Поднесени се 2 претставки до Комисијата за спречување и заштита од дискриминација (КСЗД).

# ЛИЦА НА ИЗДРЖУВАЊЕ КАЗНА ЗАТВОР

Во 2021 година, МЗМП има спроведено 5 дополнителни посети во 5 казнено-поправни установи. Обезбедени се правни совети на 172 осудени лица и штитеници за користење механизми на пријавување на тортура и нехуман третман. Дополнително, обезбедена е директна правна помош на 154 осудени лица и штитеници во врска со определено правно прашање. Поднесени се 2 кривични пријави до Основно јавно обвинителство за гонење на организиран криминал и корупција (специјализирано одделение за кривични дела извршени од страна на затворска полиција и полициски службеници) против припадници на затворската полиција. Поднесени се 10 поднесоци до државни институции кои се однесуваат на правни прашања поврзани со обезбедување на правата на осудените лица за време на издржување на казната затвор.

# ГРАЃАНСКИ ОРГАНИЗАЦИИ

5 граѓански организации добија правна поддршка за различни правни прашања. Клучни области за кои граѓанските организации имаа потреба од правна поддршка беа поврзани со потребата од подобрување на внатрешна организациска структура, како и обезбедување усогласеност со законските услови.

# ЖРТВИ НА ТРГОВИЈА СО ЛУЃЕ

МЗМП продолжи да учествува со свои претставници во Мобилните тимови за идентификација на ранливи групи, вклучително и жртви на трговија со луѓе формирани во 2018 година. МЗМП има свои претставници во Мобилните тимови во четири градови: Битола, Гевгелија, Куманово и Тетово. Во 2021 година, од надлежните институции идентификувани се четириесет и пет (45) жртви деца на трговија со луѓе, од кои 40 се жртви на трудова експлоатација. Во 2021 година од страна на МЗМП е дадена правна помош и информација на 161 лице, од кои 6 се жртви на трговија со луѓе, а 55 потенцијални жртви на трговија со луѓе.

# СТАТИСТИЧКИ ПОДАТОЦИ ЗА ДАДЕНИ УСЛУГИ НА ПРАВНА ПОМОШ ВО 2021

## 1. ПРАВНА ПОМОШ НА ЛИЦА СО НИСКИ ПРИХОДИ И СЕМЕЈСТВА ВО РИЗИК

| | |
|---|---|
| 1374 | Правно советување на семејства во ризик |
| 657 | Број на лица кои добиле примарна бесплатна правна помош |
| 29 | Поднесени барања за бесплатна правна помош |

## 2. БАРАТЕЛИ НА АЗИЛ И БЕГАЛЦИ

| | |
|---|---|
| 275 | Баратели на азил кои користеле правна помош од МЗМП |
| 95 | Баратели на азил кои поднеле барање во 2021 |
| 317 | Корисници на правна помош за интеграција (Бегалци од Косово) |
| 2040 | Правни совети и информации за постапката за азил дадени на лица кои транзитираат низ државата |
| 322 | Број на евакуирани лица од Авганистан кои добиле правна поддршка од МЗМП за поднесување апликации за преселување во Канада |

## 3. ЛИЦА БЕЗ ДРЖАВЈАНСТВО

| | |
|---|---|
| 512 | Лица без државјанство кои користеле правна помош од МЗМП |
| 27 | Број на лица примени во државјанство |
| 59 | Број на лица запишани во матична книга на родени |

## 4. ЖРТВИ НА КРИВИЧНИ ДЕЛА

| | |
|---|---|
| 235 | Правни информации |
| 97 | Правно советување |
| 53 | Психосоцијално советување |

## 5. ДИСКРИМИНАЦИЈА И ЗАШТИТА НА ЧОВЕКОВИТЕ ПРАВА

| | |
|---|---|
| 8 | Правни совети |
| 2 | Претставки |

## 6. ЛИЦА НА ИЗДРЖУВАЊЕ КАЗНА ЗАТВОР

| | |
|---|---|
| 12 | Број на казнено поправни установи |
| 1 | Број на воспитно поправни установи |
| 172 | Број на лица кои користеле правна помош |

## 7. ГРАЃАНСКИ ОРГАНИЗАЦИИ

| | |
|---|---|
| 5 | Број на граѓански организации кои користеле правна помош |

## 8. ЖРТВИ НА ТРГОВИЈА СО ЛУЃЕ И РАНЛИВИ КАТЕГОРИИ ЛИЦА

| | |
|---|---|
| 161 | Број на лица кои добиле правна помош и информација |
| 6 | Број на жртви на трговија со луѓе кои добиле правна помош |
| 55 | Број на потенцијални жртви на трговија со луѓе кои добиле правна помош |

# СТРАТЕШКО ЗАСТАПУВАЊЕ ВО 2020 – КЛУЧНИ ПРЕДМЕТИ

## МЗМП ОБЕЗБЕДИ СЕОПФАТНО ПРАВНО СОВЕТУВАЊЕ НА ТРИ ДЕВОЈЧИЊА КОИ ВЕЌЕ НАПОЛНИЛЕ 14 ГОДИНИ ЖРТВИ НА ПРОДОЛЖЕНО КРИВИЧНО ДЕЛО СИЛУВАЊЕ

Преку обезбедената правна поддршка, се овозможи од страна на судот да бидат испочитувани во целост посебните права на процесна заштита како и посебните мерки на процесна заштита на деца жртви согласно Законот за правда за децата. Во конкретниот случај, стануваше збор за сторено продолжено кривично дело Силување врз три девојчиња со наполнети 14 години. Во временски период од една година, обвинетиот вршел други полови дејствија врз децата, искористувајќи го нивното познанство и преку закани и уцени користејќи ја социјалната мрежа Фејсбук и преку апликацијата Снепчет ги убедил да излезат со него уценувајќи ги дека за нив поседувал слики со компромитирачка содржина поради што трите девојчиња посебно се гледале со обвинетиот. За време на средбите ги принудувал да консумираат алкохол, ги довел во алкохолизирана состојба им наредувал да ја соблечат облеката, ги фотографирал а потоа ги присилил на обљуба. Со овие дејствија, обвинетиот сторил три кривични дела Силување согласно член 186 ст.5 вв ст.2 вв ст.1 вв ст.45 од Кривичниот законик по што судот го осуди обвинетиот на единствена казна затвор во траење од 15 години.

## КСЗД УТВРДИ ДИРЕКТНА ПРОДОЛЖЕНА ДИСКРИМИНАЦИЈА ВРЗ ОСУДЕНО ЛИЦЕ СО ПОПРЕЧЕНОСТ

Комисијата за спречување и заштита од дискриминација постапуваше по претставка од осудено лице од Скопје преку неговиот адвокат, Македонското здружение на млади правници и Хелсиншкиот комитет за човекови права, која беше поднесена поради сомневање за сторување директна дискриминација врз основа на попреченост и повреда на правото на еднаквост и нееднаков третман. КСЗД утврди директна продолжена дискриминација врз основа на попреченост и повреда на правото на еднаквост и нееднаков третман при



уживањето на правата на здравствена заштита од примарно, секундарно и терцијално ниво при издржување на затворска казна, извршена од страна на КПД Идризово Скопје. Продолжената дискриминација се смета за потежок облик на дискриминација. КСЗД препорачува на затворската установа во рок не подолг од 30 дена да преземе мерки и активности за да му овозможи на осуденото лице сместување во објект во кој ќе може без никакви препреки да се движи во својата инвалидска количка и да ги извршува секојдневните активности и физиолошки потреби во соодветни хигиенски услови. Поради констатираната неопходност од нега од трето лице, се препорачува директорот да му го обезбеди и тоа право, како и правото на непречен пристап до здравствени услуги од примарно, секундарно и терцијално ниво, со што би се овозможило отстранување на повредата на правото на еднаквост и би се отстранила констатираната директна продолжена дискриминација. Доколку лицето кон кое е упатена препораката не постапи по истата, Комисијата ќе поведе прекршочна постапка пред надлежниот суд.

## ОСНОВНИОТ КРИВИЧЕН СУД СКОПЈЕ НА ДЕН 28.10.2021 ГОДИНА ДОНЕСЕ ПРЕСУДА СО КОЈА ГО ПРОГЛАСИ ОБВИНЕТИОТ Г.П, УНИФОРМИРАН ПОЛИЦИСКИ СЛУЖБЕНИК ВРАБОТЕН ВО СВР БИТОЛА ЗА ВИНОВЕН И ГО ОСУДИ НА КАЗНА ЗАТВОР ВО ТРАЕЊЕ ОД ЕДНА ГОДИНА

Основниот Кривичен Суд Скопје во постапка поддржана од МЗМП, донесе првостепена пресуда со која полицискиот службеник Г.П вработен во СВР Битола се прогласува за виновен и истиот се осудува на казна затвор во траење од една година за делото Малтретирање во вршење на службата од член 143 од Кривичниот законик. Од изведените вербални и материјални докази во текот на доказната постапка, судот неспорно утврдил дека критичното време и место обвинетиот како полициски службеник го малтретирал оштетениот Н.Ј и спрема истиот постапил на начин што се понижува човечкото достоинство и човечката личност со што во целост е исполнето законското битие на кривичното дело кое на обвинетиот му се става на товар со обвинителниот предлог. Оваа пресуда е од енормно значење поради тоа што е меѓу првите првостепени пресуди каде се изрекува ефективна казна затвор за полициски службеник поради употреба на прекумерна сила кон оштетено лице за кривичното дело Малтретирање во вршење на службата, член 143 од Кривичниот законик. Досегашна судска пракса е изрекување на условна осуда

за полициски службеници дури кога е утврдена употреба на прекумерна сила при пречекорувањето на полициските овластувања. Во конкретниот случај со изречената казна затвор во траење од една година ќе бидат постигнати целите на казнувањето од аспект на генерална и специјална превенција.

### УПРАВНИОТ СУД ДОНЕСЕ ПРЕСУДА СО КОЈА УКАЖА ДЕКА КАРАНТИНСКОТО СМЕСТУВАЊЕ ВО ТЦ ВИНОЈУГ НА БАРАТЕЛ НА АЗИЛ Е НЕЗАКОНСКО

По поведена постапка од страна на МЗМП во март 2021 година, Управниот суд Скопје донесе пресуда со која пресуди дека карантинското сместувањето во ТЦ Винојуг на барател на азил поради корона вирусот, по завршување на вонредната состојба било незаконско, спротивно на Уставот на Северна Македонија, Законот за меѓународна и привремена заштита и на Европската конвенција за човекови права. Со оваа пресуда Управниот суд го поништи решението за сместување во карантин издадено од Центар за социјална работа Гевгелија, Министерство за труд и социјална политика (МТСП). По донесување на оваа пресуда, престана практиката на карантинско сместување на баратели на азил во овој центар.

# Правни истражувања и политики



- Објавени се 35 публикации на специфични теми од областа на правото;
- МЗМП беше дел од 7 работни групи за подготовка на закони;
- Учество во подготовка на 3 подзаконски акти;
- Дополнително МЗМП активно го следеше спроведувањето на законите и подзаконските акти во областите во кои работи и согласно тоа соодветно поднесуваше иницијативи за измени самостојно или заедно со група граѓански организации;
- Во второто издание од списанието Правен Фокус застапени се 12 стручни статии од 13 млади правници;

**Неизоставен дел во подобрувањето на законодавството и системот за заштита на човековите права е предлагање на решенија засновани на докази. МЗМП и во текот на оваа година посветено работеше на истражувања и политики кои придонесуваат за унапредување на системот за остварување на уставно и законски загарантираните права на граѓаните.**

Во 2021 година, МЗМП издаде и учествуваше во изработка на 35 документи на различни теми од областите на кои работи. МЗМП објави и извештаи, анализи, студии на случај, правно мислење, документи за јавни политики, прирачници и водичи, инфографици и правно списание. Во рамки на публикуваните документи застапени се сите теми на кои здружението активно работи, притоа осврнувајќи го интересот на јавноста и кон нови актуелни теми. Во продолжение следува преглед на сите документи кои беа издадени и објавени во текот на 2021 година, а кои се достапни на веб страницата на МЗМП.

| | |
|---|---|
| 13 | извештаи |
| 3 | документи за јавни политики |
| 1 | списание |
| 3 | прирачници и водичи |
| 9 | инфографици |
| 6 | анализи, студии на случај, и правни мислења |

35 ИЗВЕШТАИ

# ИЗВЕШТАИ (13)

## ЗАДРЖУВАЊЕ ОД ИМИГРАЦИСКИ ПРИЧИНИ НИЗ БРОЈКИ ЈАНУАРИ - СЕПТЕМВРИ 2021 ГОДИНА



Овој извештај содржи статистички податоци за задржани лица од имиграциски причини, земја на потекло на задржаните лица, просечно време на задржување на лицата, број на протерани лица како и број на поднесени барања за азил во ПЦ за странци. Посебен осврт во извештајот се дава на условите за задржување со осврт на условите за деца. Во рамки на извештајот се дадени препораки.

## Годишен извештај 2021
## -ЕФИКАСНОСТА НА ПРАВНАТА ЗАШТИТА НА ЧОВЕКОВИТЕ ПРАВА ВО РСМ




Со седмиот Годишен извештај за ефикасноста на правната заштита на човековите права во Република Северна Македонија, Македонското здружение на млади правници има цел објективно да ги презентира и да ги документира повредите на човековите права идентификувани во 2021 година од страна на здружението. Објективно и транспарентно презентирање на состојбата за почитувањето и заштитата на човековите права во државата е од примарна важност за Извештајот и за тимот на МЗМП. Овој документ се надоврзува на другите национални и меѓународни извештаи посветени на човековите права, но се фокусира на правната заштита.

## СОСТОЈБАТА НА АЗИЛОТ ВО РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА 2020 ГОДИНА




Извештајот претставува сеопфатен преглед на различните практики, политики и постапки во однос на системот на азил во Република Северна Македонија во 2020 година. Извештајот ги истакнува главните предизвици со кои се соочуваат барателите на азил и бегалците за време на постапката за азил и при остварување на другите права. При изработката на овој документ беа користени: а) податоци прибавени при застапување на барателите на азил, бегалците и мигрантите, лицата под супсидијарна заштита и признаените бегалци во Република Северна Македонија, б) податоци прибавени при мониторинг на состојбата и постапувањето од страна на органите со бегалците и мигрантите во транзитните центри, каде што МЗМП има достапни канцеларии, и в) податоци прибавени при присуството во канцеларијата во Прифатниот центар за баратели на азил во Скопје. Дополнително, за потребите на овој извештај беа прибавени информации од јавен карактер и беа искористени многубројни достапни извештаи и литература.

## ИЗВЕШТАЈ ЗА СОСТОЈБАТА И УСЛОВИТЕ ВО ПОЛИЦИСКИТЕ СТАНИЦИ ВО РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА: МАРТ – ЈУНИ 20201 ГОДИНА




Извештајот содржи резиме од остварениот теренски мониторинг, фокусирајќи се на напредокот и главните предизвици документирани за време на посетите. Извештајот воедно содржи и препораки за секоја полициска станица, како и генерални препораки за надлежните институции во насока на подобрување на состојбите и условите во полициските станици.

## ПРВ ПОЛУГОДИШЕН БРИФ – СЛЕДЕЊЕ НА СПРОВЕДУВАЊЕТО НА СТРАТЕГИЈАТА ЗА РЕФОРМА НА ПРАВОСУДНИОТ СЕКТОР 2017-2022




Цел на следењето е да се процени дали, во колкава мера и на кој начин се одвива процесот на спроведување на Стратегијата во текот на 2021 година. Следењето е особено насочено кон утврдување на тоа дали спроведувањето на Стратегијата е навремено, транспарентно и инклузивно и дали донесените закони и мерки се соодветни и придонесуваат за остварување на целите поради кои се планирани. Овој документ беше изготвен од страна на Блупринт групата за реформи во правосудството, со која кооридаторска улога во 2021 година имаше МЗМП.

## ИЗВЕШТАЈ ЗА ИЗРАБОТЕНА ГАП-АНАЛИЗА НА УСОГЛАСЕНОСТА НА ЗАКОНОДАВСТВОТО И ПРАКТИКАТА ЗА ПРАВАТА НА ЖРТВИТЕ ВО РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА СО НОРМИТЕ И СТАНДАРДИТЕ НА ЕВРОПСКАТА УНИЈА УТВРДЕНИ СО ДИРЕКТИВАТА 2012/29/EU




Извештајот дава преглед на моментната состојба нотирана во Анализата, преку издвојување на главните препораки за надминување на нотираните недостатоци. Оттука, интенцијата на овој извештај е да му се даде на читателот јасен увид во содржината на Анализата, што таа обработува, кои состојби ги нотира, а врз основа на детална анализа на практики, законска рамка, обврзувачки и необврзувачки прописи итн., дава преглед на главните формулирани препораки за надминување на постојните состојби.

## ИЗВЕШТАИ ЗА СОСТОЈБАТА И УСЛОВИТЕ ВО КАЗНЕНО-ПОПРАВНИТЕ И ВОСПИТНО-ПОПРАВНИТЕ УСТАНОВИ ВО РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА




Изработени се 2 последователни извештаи за периодите: август – октомври 2020, како и јули 2021 година, кои се базираат на теренски посети извршени од страна на претставници на Хелсиншкиот комитет за човекови права и претставници од МЗМП. Целта на проектот е да ги адресира системските проблеми во обезбедувањето заштита на лицата лишени од слобода од секаков вид тортура, нечовечко постапување и казнување, да ги идентификува клучните предизвици за воспоставување на ефикасен механизам за заштита на човековите права на лицата лишени од слобода и да ги приоретизира мерките потребни за воспоставување на таков механизам.

## КВАРТАЛНИ ТЕРЕНСКИ ИЗВЕШТАИ ЗА СОСТОЈБАТА НА ЧОВЕКОВИТЕ ПРАВА НА МИГРАНТИТЕ И БЕГАЛЦИТЕ НА ТЕРЕН




Во текот на 2021 година се објавија 4 квартални извештаи за состојбата на човековите права на мигрантите, бегалците и баратели на азил на терен. Извештаите се однесуваат за следните периоди: октомври – декември 2020, јануари – март 2021 , април – јуни 2021, јули - септември 2021. Кварталните теренски извештаи ги содржат согледувањата на МЗМП во однос на постапувањето со мигрантите и бегалците во прифатно-транзитните центри, Винојуг и Табановце, со посебен фокус на жените, децата и другите ранливи категории лица.

# АНАЛИЗИ (1)

## ИДНИНАТА НА СЛОБОДАТА НА СОБИРАЊЕ ВО СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА ВО ДИГИТАЛНАТА ЕРА




Целта на оваа анализа е да се сублимира Меѓународната правна рамка за слободата на мирно собирање во дигиталната ера и да се презентираат обврските на државата. Исто така, да се истражат можностите и предизвиците на собирите во дигиталната ера и влијанието на новите технологии во остварувањето на правото на слободен собир. А истовремено да се направи споредба и истражување за концептот на дигитално посредувани собири во Северна Македонија, практиката, правната рамка, обврските и предизвиците во практикувањето на овој концепт и да се дадат заклучоци.

# СТУДИИ НА СЛУЧАЈ (4)

Во текот на 2021 година во соработка со Институтот за Комуникациски студии беа изработени и публикувани 4 студии на случај од областа на заштита на животната средина.



Студија на случај: Намалување на водостојот на Преспанско езеро



Студија на случај: Излевање на мазут од фабриката „Благој Ѓорев"во реката Вардар



Студија на случај: Побелените води на реката Брегалница



Студија на случај: Загрозување на животната средина со излевање на шетвалентен хром од поранешниот металуршки комбинат „Југохром"

# ПРАВНИ МИСЛЕЊА (1)

## СОСТОЈБИТЕ ВО ПРАВОСУДСТВОТО ИСПРАВЕНИ ПРЕД СТАРО – НОВИ ПРЕДИЗВИЦИ



Правното мислење е изготвено во рамки на Блупринт групата за делот кој се однесува на правосудството во Извештајот на Европската комисија за Република Северна Македонија за 2021 година, а МЗМП имаше непосредно учество во креирање на истото.

# ДОКУМЕНТИ ЗА ЈАВНИ ПОЛИТИКИ (3)

## ПРАВОТО НА МИРЕН СОБИР ВО СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА – ЗА ПОТРЕБНИТЕ ИЗМЕНИ ВО ПРАВНАТА РАМКА

Документот за јавни политики е резултат на спроведеното истражување и анализа и има за цел да предложи конкретни измени на законската рамка, пред сé на Законот за јавните собири, со цел правото на мирен собир во нашата држава да ја добие заштитата што меѓународните документи ја гарантираат. Документот за јавни политики пред сé е наменет претставниците на Собранието на РСМ и Владата на РСМ, како овластени предлагачи за донесување на измени, како и Секретаријатот за законодавство при Владата на РСМ.

## КОН ТРАНСПОНИРАЊЕ НА ДИРЕКТИВАТА 2012/29/EU („ДИРЕКТИВА ЗА ЖРТВИ“) ВО ДОМАШНОТО ЗАКОНОДАВСТВО




Документот за јавни политики содржи препораки за подобрување на законската и институционалната рамка која се однесува на жртвите на кривични дела. Има цел да придонесе за унапредувањето на заштитата на жртвите, нивната процесна положба во кривичната постапка како и да се користи како патоказ на главните актери кои следат пред и по дополнувањата или измените на законската и институционална рамка. Документот се заснова на наодите и заклучоците од спроведената сеопфатна анализа на усогласеноста на домашното законодавство и практиката со нормите и стандардите на ЕУ утврдени во Директивата (2012/29/EU на ЕУ) за права, поддршка и заштита на жртвите на кривични дела.



**ПРИСТАПНОСТА НА СУДСКИТЕ ОДЛУКИ ОД ОБЛАСТА НА ЗАШТИТА ОД ДИСКРИМИНАЦИЈА ВО РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА**




Овој документ ја истражува функционалноста на системот за пребарување на судските одлуки во областа на заштита на правото на еднаквост во државата, анализирајќи ја притоа и законската рамка за евидентирање и упис на предметите во судовите. Првиот дел од документот се осврнува на правната регулираност за упис на судските предмети за заштита од дискриминација и досегашната практика на судовите во државата. Во вториот дел, пак, преку тестирање на порталот sud. mk, се дава приказ на практичната достапност на судските одлуки. Документот беше изготвен во рамки на Мрежата за заштита од дискриминација, каде што членува и МЗМП и изготвено од страна на претставник на МЗМП.

# ПРИРАЧНИЦИ И ВОДИЧИ (3)

**ПРИРАЧНИК ЗА АДВОКАТИ, АДВОКАТСКИ ПРИПРАВНИЦИ И ПРАКТИКАНТИ**




Со овој прирачник структурирано е претставен ангажманот на приправниците/практикантите кај адвокати од моментот на објавување на оглас па се до завршување на нивниот ангажман. Прирачникот го објаснува професионалниот однос на приправниците/практикантите со адвокатот, особено задржувајќи се на стандардите на однесување и етичките принципи од кои ќе се водат сите страни при градење на нивниот однос. Целна група на овој Прирачник се адвокати, лица вработени во адвокатска канцеларија и адвокатски приправници и практиканти.

## ПРАВО НА МИРЕН СОБИР ВО СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА




Водичот има за цел да даде преглед на начините за остварување на правото на мирен собир во Северна Македонија. Водичот е напишан првенствено за граѓани кои немаат познавање или имаат само ограничено познавање за правото на мирен собир. Тој дава одговор на најчестите прашања што ги поставуваат организаторите и учесниците на собирите во земјата. Овој Практичен водич содржи три поглавја: Правото на слобода и мирен собир, Ограничување на слобода и собирање, Одговорности на организаторите и учесниците.

## ПРИРАЧНИК ЗА СЕЗОНСКА РАБОТА




Прирачникот е креиран за да даде одговор на некои од најчестите прашања со кои се соочуваат и работниците и работодавачите во случај на потреба од ангажирање работник и избор на работно место, со особен акцент на ангажман за спроведување на сезонска работа, но и на давање информации за заштита од потпаѓање во замка на експлоатација на трудот, односно на присилна работа. Прирачникот е наменет и за работници и за работодавачи кои биле, се, или размислуваат да се вклучат во сезонска работа и е конципиран во три дела: Општи информации, Информации од интерес на работодавачите, Информации од интерес на работниците.

# ИНФОГРАФИЦИ (9)

Во текот на 2021 година подготвени се вкупно 9 инфографици. Инфографиците се однесуваат на областа на Право на Слобода и Мирен Собир и информации за лица лишени од слобода и правна заштита од тортура и нехуман третман во установите во кои лица се лишуваат од слобода. Истите имаат за цел да понудат соодветни информации кои ќе бидат достапни за граѓаните и да влијаат на подигнување на свеста.








ДИГИТАЛНО ПОСРЕДУВАНИ СОБИРИ ВО СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
Дигитално посредуван собир е собирање на повеќе од едно лице за конкретна цел, кое се случува или со помош на, или по пат на дигитални комуникациски технологии, како што се мобилни телефони, интернет или социјални медиуми.
УЧЕСТВО НА ДИГИТАЛЕН СОБИР
75
50
25
0
не сум учествувал/а
сум учествувал/а
ДАЛИ ОНЛАЈН ПЕТИЦИИТЕ МОЖАТ ДА ВОДАТ КОН ПРОМЕНИ?
58%
ДАЛИ ДИГИТАЛНО ПОСРЕДУВАНИТЕ СОБИРИ СЕ ЕФЕКТИВНИ И ВОДАТ КОН ПРОМЕНИ?
ДАЛИ НОВИТЕ ТЕХНОЛОГИИ ГО ОЛЕСНУВААТ ПОЛЗУВАЊЕТО НА ПРАВОТО НА МИРЕН СОБИР?
62.6%
ПРИДОБИВКИ НА ДИГИТАЛНО ПОСРЕДУВАНИТЕ СОБИРИ И НОВИТЕ ТЕХНОЛОГИИ ВО АКТИВНОСТИ ПОВРЗАНИ СО ПРАВОТО НА СОБИР
Полесно организирање и мобилизирање на учесниците (60.61%)
Лесно споделување на информации, пристигнување до поширока публика и наоѓање на истомисленици (60.61%)
Побрза и полесна комуникација (56.57%)
Пониски трошоци (46.46%)
Поголем публицитет (28.28%)
Поголема сигурност за безбедноста (20.20%)
Поголеми шанси за успешност и исполнување на целите (18.18%)
Поголеми шанси да биде слушнат гласот на маргинализираните групи (11.11%)
Го олеснува остварувањето на правото на мирен собир (6.06%)
Друго (3.03%)
Sweden
Sverige
ICNL
МЗМП








8
ПОЛИЦИЈА
3-та







# СПИСАНИЕ – ПРАВЕН ФОКУС (ВТОРО ИЗДАНИЕ)




Списанието „Правен фокус" е годишна публикација што започна да се издава во 2020 година. Целта на списанието е создавање професионален форум за објавување стручни статии што ќе послужат како медиум, каде што правничкото мислење и визијата на младите правници се презентирани на кохерентен начин, а истовремено поттикнуваат идеи за понатамошно подобрување на правниот систем. Во таа насока, Македонското здружение на млади правници посветено работи на промовирање и поттикнување критичко размислување од страна на млади правници за клучните прашања што влијаат врз заштитата на човековите права и врз принципот на владеење на правото. Во второто издание од списанието се застапени 12 стручни статии од 13 млади правници, кои пишуваа на актуелни теми од областа на правото. Стручните статии во списанието „Правен фокус" претставуваат самостојна работа на авторите, а целта е придонес за темите што се обработуваат. Темите што се обработуваат се вакцинацијата низ призмата на човековите права, семејното насилство и правото на абортус, аспектите на македонскиот дигитален суверенитет, правата на лица со попреченост, еколошката правда, бесправно изградените објекти, корупцијата, ефективната истрага и посебните истражни мерки согласно практиката на Европскиот суд за човекови права. Списанието е продукт на заедничката соработка помеѓу авторите, Уредувачкиот одбор и МЗМП, а во него се истакнуваат капацитетот на младите правници, нивната креативност и можноста позитивно да влијаат врз промените во општеството.

# Учество во изработка на прописи



Во текот на 2021 година МЗМП и претставници од здружението беа вклучени и дадоа свој придонес во 7 работни групи за подготовка на закони.

## ЗАКОН ЗА ПРАВДА НА ДЕЦАТА

Во 2021 продолжи процесот на изработка на Законот за правда на децата. МЗМП како дел од работната група продолжи да се залага за сеопфатно олеснување на пристапот до правна помош за децата сторители, деца во ризик, жртви и сведоци на кривични дела преку поедноставување на постапката за обезбедување правна помош. Работна верзија, законот е се уште во процес на изработка и комуникација со главните актери во областа.

## ЗАКОН ЗА ИСПЛАТА НА ПАРИЧЕН НАДОМЕСТОК НА ЖРТВИ НА КРИВИЧНИ ДЕЛА

Законот претставува новитет во домашниот систем затоа што за прв пат се предвидува ваков вид на право за жртвите на кривични дела со цел да се спречи нивна понатамошна виктимизација. Клучни работи за кои МЗМП се залагаше се: обезбедување лесно достапна постапка, информации и правна помош во постапката за обезбедување паричен надоместок и вклучување на граѓанските организации во промовирање на овој механизам. Текстот на законот е утврден на владина седница и заклучно со декември 2021 се уште е во собраниска процедура.

## ЗАКОН ЗА ПАРНИЧНАТА ПОСТАПКА

Во текот на 2021 година Законот за парничната постапка влезе во собраниска процедура. МЗМП учествуваше во работната група, во која свој придонес даде и се залагаше за олеснување на пристапот до правда за сиромашните граѓани и воспоставување посебна постапка по тужба за заштита на колективни права за одредени прашања.



## ЗАКОН ЗА АДВОКАТУРА

МЗМП како претставник на Блупринт групата учествуваше во работната група за измени и дополнувања на Законот за адвокатура. Во рамки на работата беа изработени нацрт измените кои предвидоа воспоставување на систем за почетна и континуирана обука за адвокати, предвидување на дополнителен услов за упис во именикот на адвокати како и други измени насочени кон номотехничко подобрување на текстот на законот.

## ЗАКОН ЗА ИЗВРШУВАЊЕ

Во ноември 2021 МЗМП е покането од страна на Министерство за правда да учествува во работната група за измена на законот со свој претставник.

## ЗАКОН ЗА СПРЕЧУВАЊЕ И ЗАШТИТА ОД ВОЗНЕМИРУВАЊЕ НА РАБОТНОТО МЕСТО

Работната група започна со работа во месец мај 2021 и се` уште е во тек. Настојувањето на МЗМП како член на оваа работна група е законот да се базира на принципот заснован на човекови права преку предвидување на едноставни и спроведливи мерки за заштита, сигурност и безбедност на работникот за пријавување и барање на спречување на насилство на работното место, како и со адаптирани конкретни обврски за работодавачот да обезбеди безбедна средина за работа и за пријавување на вознемирување од страна на работникот.

## ЗАКОН ЗА ЕДНАКВИ МОЖНОСТИ НА МАЖИТЕ И ЖЕНИТЕ/ЗАКОН ЗА РОДОВА ЕДНАКВОСТ

Работната група во 2021 година активно работеше на предлог законскиот текст. Клучните измени се во насока на постигнување на потполна родова еднаквост преку воведување на механизми за заштита поттикнување и унапредување како и механизми за мониторинг на спроведувањето. Групата продолжува со работа и 2022 година.

- Претставник на МЗМП беше дел од работната група за стандарди и процедури за давателите на специјализирани услуги за жртвите на родово базирано и семејно насилство согласно Истанбулската конвенција се утврди и се усогласи содржината на повеќе подзаконски акти со кои се регулираат стандардите и процедурите за повеќе даватели на услуги на жртви на родово базирано и семејно насилство, меѓу кои СОС линија, советувалиште, кризен центар и центар за социјални работи. Документите се донесени во Мај 2021 година и се достапни на следната веб страница: https://mtsp.gov.mk/dokumenti.nspx.

- Во 2021 МЗМП активно учествуваше во процесот за креирање на Петтиот акциски план за Партнерство за отворена власт 2021 - 2023 година. Како резултат на целиот процес, на 26.10.2021 Владата го прифати планот, во кој се утврдени пет приоритетни области, од кои МЗМП зема учество за креирање заложби во 2 области: Пристап до правда и Животна средина и климатски промени. Националниот акциски план за Партнерство за отворена власт 2021-2023 е достапен на https://ovp.gov.mk/wp-content/uploads/2021/07/NAP5-PARTNERSTVO-ZA-OTVORENA-VLAST-2021-2023-_-potvrden-od-Vlada-26.10.2021.pdf.

- Во 2021 година МЗМП изработи Правилник за начинот на водење на постапка за утврдување на материјална одговорност како и формата и содржината на решението за надомест како и содржината и формата на извештајот, истиот е донесен и објавен во Службен весник на РСМ, бр. 78/2021 од 07.04.2021 година.

**Во текот на 2021 година МЗМП и претставници од здружението беа вклучени во 3 работни групи за изработка на подзаконски акти.**

# Вмрежување



МЗМП во 2021 продолжи со активен придонес во работата на тематските мрежи заедно со други граѓански организации. МЗМП е дел од 13 мрежи во кои што активно го дава својот придонес.

Во 2021 година, МЗМП ги координираше активностите на неформалната мрежа, Блупринт групата на граѓански организации за следење на реформи во правосудство, со спроведувањето на проектот „За правда – Следење на спроведувањето на Стратегијата за реформи во правосудството 2021“.

**Дополнително**

- МЗМП заедно со уште 25 НВО-а, здруженија на граѓани и високообразовни институции кои се залагаат за заштита на животната средина, во соработка со Државниот инспекторат за животна средина (ДИЖС) формираа Граѓански инспекциски совет (ГИС). Во таа насока организациите кои се дел од ГИС потпишаа Меморандум за соработка со Државниот инспекторат за животна средина.
- МЗМП од Јануари 2021 е дел од иницијативата за Заштита на правата на границите (PRAB) која е формирана од организации за заштита и правна помош фокусирани на почитување на човековите права на надворешните и внатрешните граници на ЕУ. Иницијативата PRAB вклучува партнерски организации кои работат во низа различни земји: Италија (Associazione per gli Studi Giuridici sull'Immigrazione (ASGI), Diaconia Valdese (DV) и Дански совет за бегалци (DRC) Италија); Унгарија (UHC); Босна и Херцеговина (DRCBiH); Србија (Хуманитарен центар за интеграција и толеранција (HCIT); Северна Македонија (Македонско Здружение на млади правници (MYLA); Грција (Грчки совет за бегалци (GRC) и DRC Грција); и Брисел (DRC Brussels).

# Правна едукација



## Правна едукација

**58** Одржани се вкупно 58 обуки, работилници, предавања, академии, стратешки форуми и едукативни сесии (настани)

**1204** 1204 млади правници, студенти, адвокати, претставници од правосудни и владини институции, претставници од образовен систем, претставници на граѓанското општество, новинари, како и населението беа обучени во соодветна област

**75** 75 млади правници се стекнаа со практични знаења и вештини, а вработени се преку 38 млади правници со поддршка на МЗМП

Во 2021 година спроведени се 3 циклуси од Програмата за практикантска работа и беа вклучени 75 практиканти кои спроведуваа пракса во времетраење од 3 месеци. Покрај тримесечната практична работа во рамки на Програмата практикантите беа дел на следните обуки на теми:

- Практични правни вештини и основни етички вредности на правната професија
- Вештини за барање на работа во правната професија
- Сензибилизација

Целта на Програмата за практикантска работа е зајакнување на професионализмот и градење на капацитетите на младите правници. Преку Програмата, од една страна се овозможува практична работа со цел младите правници да станат конкурентни на пазарот на трудот, а од друга страна обезбедува обуки кои ќе им помогнат на младите правници да стекнат дополнителни знаења и вештини. Оттука, МЗМП преку Програмата за практикантска работа пробува да го обезбеди овој баланс за младите правници.

**ВО ПЕРИОДОТ ОД 2015 ДО 2021 ГОДИНА ПРОГРАМАТА ЗА ПРАКТИКАНТСКА РАБОТА УСПЕШНО ЈА ИМААТ ЗАВРШЕНО 592 МЛАДИ ПРАВНИЦИ**

Практикантите дел од Програмата за практикантска работа ја обавуваа својата пракса во следните градови: Скопје, Тетово, Прилеп, Куманово, Охрид, Битола и Велес.

**Соработката на МЗМП во текот на годината се остваруваше со:**

- 19 Адвокатски канцеларии
- 4 Основни судови
- 1 Апелационен суд
- 4 Невладини организации
- ■ Управен суд на РСМ
- ■ Комисија за спречување и заштита од дискриминација
- 4 Канцеларии на Народен правобранител

Стекнувањето на прво работно искуство преку спроведување на практична работа од страна на млади дипломирани правници има клучна улога во правното образование и може да биде успешен дел во борбата против невработеноста кај младите и притоа да ги направи конкурентни кандидати за идно вработување.

**Во 2021 година:**

- 70% го оценија квалитетот на практикантската работа со оценка 5, додека 24% дале оценка 4
- 57% од практикантите оцениле дека нивната конкурентност на пазарот на трудот е зголемена по завршување на Програмата за практикантска работа
- 38 млади правници од Програмата за практикантска работа продолжија со пракса или на друг начин се ангажирани



## АРМИНА СИНАНИ

**Практикант во Институтот за човекови права во Скопје преку Програма за практикантска работа на МЗМП**

Преку праксата при Институтот за човекови права во Скопје организирана од МЗМП во рамките на Програмата за практикантска работа, се стекнав со бројни контакти во правосудството и невладиниот сектор. Имав прилика да учествувам во мониторирање на Уставниот суд, Комисијата за спречување и заштита од дискриминација, и бројни други тела, како и да видам од прва рака како функционира процесот на имплементација на проект во невладина организација, и комуникацијата со странски амбасади, организации и други донатори.

Исто така, бев задолжена за давање на бесплатна правна помош на лица кои ги исполнуваа законските услови за тоа. Во текот на трите месеци кога ја обавував праксата, Институтот успеа на едно лице да му обезбеди секундарна правна помош, како и да им понуди на бројни други правни совети од областа на граѓанското и управното право, работничките права, итн. Со пишување на задолжителните месечни извештаи до Министерството за правда за дадената бесплатна правна помош, како и со пишување на мониторинг и истражувачки извештаи во склоп на разни проекти, истовремено се стекнав и со важни пишувачки вештини.



## ХРИСТИЈАН ЗАФИРОВСКИ

**Практикант во Комисија за спречување и заштита од дискриминација преку Програма за практикантска работа на МЗМП**

Би препорачала на сите учество во Програмата за практикантска работа на МЗМП, не само поради искуството на местото каде извршувате пракса што ќе ве збогати со важни знаења за вас самите и за професијата во која што размислување да се впуштите, туку и поради привилегиите што ќе ги уживате како алумни на МЗМП – академии за човекови права, покани на различни настани, обуки за вештини на правничка професија, и секако, членство во мрежа на врвни млади правници во државата.

За младите правници, деновите кои доаѓаат по магистрирањето се денови на преиспитување, лутање, барање на одговори на честите прашања врзани со кариерата и иднината. Од тој аспект, примената на наученото, стекнувањето со професионално искуство и развојот на интерперсоналните релации се особено важни. Исклучително сум благодарен што со помош на практикантската работа која преку МЗМП ја спроведував во Комисијата за спречување и заштита од дискриминација во периодот септември - декември 2021 година, успеав да го направам првиот чекор во мојата кариера, но и да посетам мошне корисни обуки и тренинзи за дополнително развивање на личните и професионалните вештини. Особено сум горд што преку оваа програма имав можност да помагам во остварувањето на правна заштита на граѓаните чии права биле повредени. Благодарен сум за постоењето на програмата за практикантска работа, за новите пријателства и за вратите кои истата ми ги отвори. Воедно се надевам дека истата ќе продолжи да служи во развојот на идните генерации млади правници.

## 2021 ГОДИНА
## 58 НАСТАНИ ↘10 ПРАВНИ ОБЛАСТИ ↘1204 ОБУЧЕНИ ЛИЦА

Во текот на 2021 година беа одржани поголем број на настани во споредба со минатата година, што се должеше на новите мерки и протоколи во врска со пандемијата предизвикана од вирусот со Ковид 19 и можноста за организација на настани според утврдените протоколи. Настаните беа наменети за правни професионалци на теми од областа на правото, но и за други категории лица, како новинари и медиумски работници, претставници на правосудни и владини институции, социјални работници, претставници на граѓански организации, сезонски работници, наставен кадар, осудени лица и штитеници, ранливи категории на лица, меѓу кои за првпат и се најдоа и децата со попреченост и нивните родители.

- Заштита од дискриминација на различни категории на лица
- Човековите права на лица лишени од слобода и правна заштита од тортура и нехуман третман во установите во кои лица се лишуваат од слобода
- Заштита на човекови права со фокус на меѓународните инструменти, Европската конвенција за човекови права и Европскиот суд за човекови права
- Работни односи и човекови права на работно место
- Родово базирано и семејно насилство

ОБЛАСТИ НА ОРГАНИЗИРАНИ НАСТАНИ ВО 2020 ГОДИНА

**ОБЛАСТИ НА ОРГАНИЗИРАНИ НАСТАНИ ВО 2020 ГОДИНА**

- Слобода на собирање и дигитално-посредувани собири
- Практични правни вештини и основни етички вредности на правната професија
- Вештини за барање на работа во правната професија
- Права на децата
- Право на животната средина

**58 настани**

| | |
|---|---|
| 14 | обуки |
| 1 | академија |
| 4 | работилници и советувања |
| 1 | симулација на судење |
| 38 | едукативни сесии |

# HELP DESK ЗА МЛАДИ ПРАВНИЦИ (ПОДДРШКА ПРИ БАРАЊЕ РАБОТА И ПРАКСА)

| | |
|---|---|
| 103 | Споделени 103 повици за работни позиции и ангажмани |
| 22 | Споделени 22 повици за едукативни настани |
| 38 | Вработени или ангажирани 38 млади правници |

**HELP DESK за млади правници (поддршка при барање работа и пракса)**

Во 2021 година продолжи да функционира HELP DESK, односно канцеларијата за поддршка на млади правници која се воспостави во 2018 година. Канцеларијата нуди помош и поддршка на млади правници при барање на работа или пракса со поврзување на младите правници со потенцијални работодавачи, како и помош при изработка на кратка биографија, мотивациско писмо и припрема за интервју за работа.

МЗМП има формирано база на податоци кои што содржат информации за отворени работни позиции и повици за практикантство/волонтерство за млади правници и редовно се споделуваат преку е-пошта, со цел да се поврзат младите правници кои бараат работа со правни фирми, канцеларии и организации.

Дополнително, преку оваа алатка МЗМП постојано споделува информации во однос на обуки и работилници кои се наменети за млади правници со цел зајакнување на нивните капацитети во правни области. Во текот на 2020 година беа споделени 103 повици за работни позиции и ангажмани, како и 22 повици за обуки. Вкупно за 38 работни места МЗМП им помогна и ги поврза дипломираните студенти по право кои бараа работа во адвокатска канцеларија и граѓански организации.

# ЛОКАЛНИ ИНИЦИЈАТИВИ

Во текот на 2021 година, МЗМП со финансиска и менторска поддршка, овозможи спроведување на шест локални иницијативи на млади дипломирани правници. Основна цел за поддршката на локалните иницијативи е да се поттикнат младите правници преку нивна вклученост и активизам на локално ниво да станат проактивни и креативни партнери во процесот на решавање на определени проблеми и прашања кои влијаат на поголема група на граѓани во нивната заедница, како и во процесот на надминување на невработеноста.

| Име и презиме на грантист Симон Андов | | | | |
|---|---|---|---|---|
| Име на локална иницијатива | Износ на грант (во ден.) | Цел/и | | Локација |
| „И јас сум ДЕЛ!“ | 41.100 | 1) | Подобрување на инфраструктурните услови за градење на реална инклузија на лицата со попреченост во општествениот, социјалниот и културниот живот во општина Неготино | Општина Неготино |
| | | 2) | Подигнување на јавната свест за прифаќање на лицата со попреченост | |

| Име и презиме на грантист Валентина Милошевска | | | | |
|---|---|---|---|---|
| Име на локална иницијатива | Износ на грант (во ден.) | Цел/и | | Локација |
| „Чистата вода за пиење-привилегија или предизвик во XXI'?" | 31.458 | 1) | Анализа на постоечкото законодавство на правото на вода | Старо Село во општина Јегуновце, Тетово. |
| | | 2) | Идентификување на проблемот со пристапот до здрава и чиста вода за пиење во село Старо Село, Општина Јегуновце, Тетово | |
| | | 3) | Подигање на јавна свест | |

| Име и презиме на грантист Марија Димитровска | | | | |
|---|---|---|---|---|
| Име на локална иницијатива | Износ на грант (во ден.) | Цел/и | | Локација |
| „Информираниот потрошувач на електрична енергија е безбеден и одговорен потрошувач" | 30.500 | 1) | Идентификување на проблеми и предизвици со кои се соочуваат корисниците на електрична енергија | Општина Битола |
| | | 2) | Дефинирање на основните права и обврски на корисниците на електрична енергија и компаниите од доменот на електрична енергија, како и постапката за решавање на проблеми | |
| | | 3) | Едукација на населението во однос на нивните права и обврски како корисници на електрична енергија | |

**Име и презиме на грантист Зорица Здравевска**

| Име на локална иницијатива | Износ на грант (во ден.) | | Цел/и | Локација |
|---|---|---|---|---|
| „Стоп за полициска бруталност" | 26.525 | 1) | Едукација на маргинализирани лица во однос на нивните права, инструменти и механизми за нивна заштита при полициски постапувања и полициска бруталност | Општина Битола |

**Име и презиме на грантист Адријана Ананиева**

| Име на локална иницијатива | Износ на грант (во ден.) | | Цел/и | Локација |
|---|---|---|---|---|
| „Малолетничка правда" | 33.816 | 1) | Едукација на штитеници во воспитно-поправни домови за превенција од криминални дејства на малолетниците и ресоцијализација на младите лица | Општина Скопје |
| | | 2) | Анализа на мерките за казнување на децата, ресоцијализација или изолација | |

| Име и презиме на грантист Митко Јаначков | | | | |
|---|---|---|---|---|
| Име на локална иницијатива | Износ на грант (во ден.) | | Цел/и | Локација |
| „Перцепцијата на граѓаните во општина Неготино за заштита на животната средина“ | 12.850 | 1) | Подготовка на извештај за перцепцијата на граѓаните во општина Неготино за заштита на животна средина, за прашања поврзани со транспарентноста и начинот на работење на релевантни институции за специфични аспекти за еколошката состојба и заштитата на животната средина. | Општина Неготино |

# E-LEARNING ПЛАТФОРМА

Платформата продолжи да функционира во рамки на проектот „Креирање култура кон родова еднаквост“ финансиран од UN Women и ЕУ.

120 средношколци од 6 училишта креираа содржини наменети за разбирање, препознавање и сузбивање на родовите стереотипи, како и за препознавање на потребата и начините на реагирање и пријавување на родово базирано и семејно насилство. Учениците креираа анализи, спроведуваа анкети, дизајнираа постери, организираа дебати и креираа видеа и кратки филмови, преку кои се обратија на своите врсници со цел да ги информираат, заинтересираат и да ги мотивираат да се вклучат во заедничко движење кон постигнување на родова еднаквост како клучен предуслов за целосна заштита и остварување на човековите права за сите.

Нивната работа е поставена на платформата за учење на МЗМП: https://e-learning.myla.org.mk/mladi. Покрај средношколските трудови, оваа платформа содржи и снимени предавања преку кои младите, но и нивните професори и родители, можат да се стекнат со теоретски знаења од областа на заштитата од родово базирано и семејно насилство. Сите овие материјали остануваат достапни на платформата за индивидуално користење, но и како дополнителни материјали при разработување на овие теми од страна на средните училишта.

# Зајакнување на јавната свест и соработка



Во 2021 година, МЗМП беше посветено на подигнување на свеста и информирање на граѓаните на темите на кои веќе долго време работи и спроведе повеќе кампањи во рамки на кои беа промовирани неколку видеа. Темите на кои бевме фокусирани оваа година беа трговијата со луѓе, животната средина, искоренување на државјанството, правото на мирно собирање и човековите права воопшто.

Во рамки на соработка со Утринска на Телма која ја воспоставивме во 2021 година, неколку правници од МЗМП гостуваа и говореа на теми од областа на трговијата со луѓе, животната средина и правото на државјанство.







Како дел од проектна соработка со Европскиот центар за непрофитно право (ECNL), оваа година бевме посветени и на едукативна кампања за правото на собир со акцент на дигиталните (онлајн) собири. Во време кога најчесто сме онлајн од работни или индивидуални причини, поединечно или во групи, идентификувавме потреба од ново знаење и појаснувања за правата и обврските поврзани со дигиталните собири, во дополнување на оние во физичкиот простор. Изработивме и објавивме видео на тема „Слобода на собирање во дигиталната ера" кое се стреми да ги информира граѓаните за дигитално-посредуваните собири и можностите на новите технологии во организирање и учество на собирите. Со друго видео ја покривме темата „Правото на мирен собир е човеково право" кое вклучуваше соработка со претставници на три граѓански организации/иницијативи кои ги споделија нивните искуства во организирањето на собири и предизвиците и пречките со кои се соочиле. Видеото се стремеше да ја подигне свесноста за недостатоците на правната рамка на Северна Македонија и да ги поттикнеме потребните промени. Во рамки на кампањата, подготвивме и 10 илустрирани пораки кои ги покриваат најчестите прашања на граѓаните во поглед на слободата а собирање и дигитално-посредуваните собири во Северна Македонија.





Во рамки на соработка со Советот на Европа и Делегацијата на ЕУ во Скопје, МЗМП спроведе и кампања за подигнување на свеста за трговијата со деца со попреченост. Промовиравме три видеа кои ја информираат јавноста за ризиците од трговија со деца со попреченост и за начините како да постапат во такви случаи.










Како дел од глобалната кампања на УНХЦР за искоренување на бездржавјанството на која МЗМП се има вклучено, во декември објавивме промотивно видео кое беше споделено на социјалните мрежи и на сите национални телевизии. Дополнително, претставници на МЗМП го промовираа видеото и кампањата преку гостувања на четири национални телевизии.

Во партнерство со ГИЗ, МЗМП спроведе кампања за подигнување на свеста за ризиците од трговија со луѓе при вршење на сезонска работа. Кампањата опфати подготовка на 2 видеа: едно, наменето за работници и другото за работодавци кои беа пласирани и рекламирани на социјалните медиуми, како и на повеќе национални телевизии (на македонски, и со албански и ромски превод). Понатаму, како продолжение на кампањата за сезонска работа беа изработени 3 куси информативни видеа, со цел да дадат одговор на често поставувани прашања од земјоделските сезонски работници издвоени како одделна таргет група. Видеата беа промовирани на социјалните мрежи и изработени на македонски и албански јазик.

Ја продолживме и соработката со Види Вака воспоставена во 2020 година, и правници во МЗМП учествуваа во 10 видео истражувања на различни теми кои имаа за цел да ги истакнат недостатоците на системот за заштита на човекови права преку конкретни случаи. Исто така, МЗМП ја продолжи соработката и со Институтот за комуникациски студии во однос на платформата СамоПрашај преку која правниците од МЗМП одговараа на прашања и информираа за теми од јавен интерес со повеќе од 19 снимени видеа.

И оваа година го одбележавме 10-ти декември, денот на човекови права со серија на објави на социјалните медиуми посветени на човековите права, со посебен фокус на правото на животна средина и правото на азил.








# НАГРАДИ ЗА НОВИНАРИ

**Како дел од соработката со УНХЦР, на 21 септември ги доделивме наградите за професионално известување за состојбата на бегалците и лицата без државјанство во Република Северна Македонија за 2020 година заедно со UNHCR-Skopje и Здружение на новинарите на Македонија - ЗНМ. Беа доделени три награди:**

**Прва награда:** Мики Трајковски за мултимедијалниот производ „Триесет и девет мигранти до сега го загубиле животот на македонските пруги и патишта" медиум на објавување: VOA - Глас на Америка

**Втора награда:** Адмир Фазлагиќ за написот ,,Хуманитарката Здравкин: Тежок е патот на бегалците" медиум на објавување: Anadolu Agency Macedonian

**Трета награда:** Наке Батев за фотографијата ,,NAK_0192" медиум на објавување : Vecer Press 1



# МОТИВАЦИСКИ НАСТАН
# - "Истакнат правник – чекори до успех"

Особено ни е задоволство што по четврти пат го одржувавме настанот "Истакнат правник – чекори до успех" за да ги мотивираме и поттикнеме младите правници во градење на кариерата и развивање на квалитетите кои треба да ги поседува еден успешен правник. Овој пат 79 млади правници го следеа настанот.

Говорници на настанот беа: г-ѓа Мирјана Лазарова Трајковска, судијка во Врховиот суд на РСМ, поранешна судијка во ЕСЧП, г-ѓа Сузана Јошевска-Анастасовска, основач и партнер на адвокатска канцеларија Станковиќ & Јошевска и г-дин Денис Прешова, доцент по уставно право на Правниот факултет „Јустинијан Први" во Скопје. Настанот беше поддржан од Амбасадата на Холандија во Северна Македонија.

# МЕМОРАНДУМИ ЗА СОРАБОТКА 2021

Во текот на 2021 година МЗМП склучи 16 договори и меморандуми за соработка:

- Договор за соработка со Уставен суд во однос на Практикантската програма,
- Меморандум за соработка со КСЗД ,
- Меморандум за соработка со Сојуз на Стопански Комори на Македонија,
- Меморандум за разбирање со Национален комитет за спречување на насилен екстремизам и борба против тероризам,
- Меморандум за соработка за воспоставување на Платформа за еколошка правда,
- Меморандум за соработка со Здружение на граѓани за поттикнување на оппштественот развој ГЛОБАЛ ШЕЈПЕРС СКОПЈЕ ХУБ Скопје,
- Здружение на граѓани за помош на бездомници и социјално загрозени семејства и поединци „Љубезност"- Скопје
- Здружение за развој и унапредување на ромската заедница „Романо чачипе"- Скопје
- Здружение за родова еднаквост „Една може"- Скопје
- Здружение за промоција и развој на инклузивно општество „ИНКЛУЗИВА"- Куманово

- Здружение на мултиетничко општество за човекови права- Штип
- Здружение за правна едукација и транспарентност „Станица 5“- Прилеп
- Здружение за развој на ромската заедница „Сумнал“- Битола
- Асоцијација за демократски развој на ромите „Сонце“- Тетово и Гостивар
- СУГС Шаип Јусуф - Скопје
- Народен Правобранител во врска со Конвенцијата за правата на лицата со попреченост



# Организација и човечки ресурси

***ОРГАНИ НА ЗДРУЖЕНИЕТО***

Собранието на МЗМП во 2021 година одржа две редовни седници. На годишното Собрание кое се одржа на 27.05.2021 година се избра новата претседателка на МЗМП – Александра Цветановска и нова членка на Управниот одбор – Ана Божарова. На Собранието беа усвоени и измени на Статутот кои произлегоа од потребата овој документ да ја отслика моменталната состојба која произлегува од ситуацијата со Ковид-19, но и потребата за модернизација на работата на МЗМП. Главните измени кои беа воведени со измените на Статутот се однесуваа на членувањето во МЗМП, изборот и кандидирањето на претседателот на МЗМП како и воведувањето на Програмскиот совет и членувањето во истиот.

На Собранието кое се одржа на 29.11.2021 година како членови на Управниот одбор беа реизбрани тројца досегашни членови на кои мандатот им беше истечен: Љупка Новеска, Диме Ѓорчевски и Борјанка Маневска. Беа усвоени измени на Статутот кои се однесуваа на промена на логото на МЗМП и проширување на целите и задачите на МЗМП со тоа што се додава заштитата на животната средина.

Управниот одбор како клучен орган надлежен за донесување одлуки и вршење надзор над работата на здружението одржа 5 состаноци додека за носење итни одлуки согласно Статутот се користеше електронско заседавање и гласање.

Како дел од процес кој е важен за здружението по долги години сериозна работа и градење имиџ на стабилна, доверлива и силна организација, МЗМП кон крајот на годината доби нов визуелен идентитет кој ќе придонесе да се зацврсти стекнатиот имиџ и да се освежи надворешниот впечаток за нас.

Претседателот на МЗМП како извршен орган обезбедуваше спроведување на Стратешкиот план на организацијата, одлуките на УО како и се грижеше за координација на работата на програмската канцеларија на МЗМП. Работата на Претседателот е поддржана од Програмскиот совет кој ги предлага и развива програмите на здружението. Членовите на Програмскиот совет беа избрани од Управниот одбор на предлог на Претседателот со мандат од две години и право на реизбор. Со работата на Програмскиот совет претседава Програмскиот директор.




| | | | |
|---|---|---|---|
| Управен одбор | Љупка Новеска Андонова | адвокат | |
| | Диме Ѓорчевски | адвокат | |
| | Софија Бојковска Дуковска | адвокат | (до јуни 2021) |
| | Борјанка Моневска | адвокат | |
| | Ана Божарова | правник | (од јуни 2021) |
| Претседател | Зоран Дранговски | | (до јуни 2021) |
| | Александра Цветановска | | (од јуни 2021- во тек) |
| Финансии и администарција | Бедрија Колашинац | финансиски менаџер | |
| | Даниела Настевска | финансиски менаџер | |
| | Лилјана Цекиќ Лазороска | финансиски менаџер | |



| | | | |
|---|---|---|---|
| Програмски Совет | Александра Цветановска, | претседател | |
| | Гоце Коцевски, | програмски директор | |
| | Зоран Дранговски, | постар проектен менаџер | |
| | Назиф Авди, | постар проектен менаџер | |
| | Ирена Здравкова | постар проектен менаџер | |
| | Јасна Аранѓеловиќ Оровчанец | постар проектен менаџер | |

## Човечки ресурси

Тимот на МЗМП во 2021 година го сочинуваа 33 лице од кои 25 се вработени во здружението додека осум беа ангажирани со договор за вршење услуги. Според родовата структура во МЗМП 20 (61%) се жени, а 13 (39%) се мажи. 25 од лицата се дипломирани правници, три се во областа на финансиите, еден во областа на комуникациите и четири преведувачи од арапски, урду и фарси јазик. 12 од лицата со правно образование имаат положено правосуден испит. МЗМП е посветено на постојано професионално усовршување на своите вработени преку посета на обуки и студиски посети.

# Финансии

Средства за спроведување на програмските активности и оперативните трошоци на здружението во 2021 беа обезбедени пред сѐ преку грантови и донации, а во помал обем преку сопствени извори на приходи и членарина. Билансот на приходи и расходи како и билансот на состојба се објавени на веб страницата на МЗМП.

Годишен буџет за 2021 (во илјада денари)

| Донатор | **Проект** | **2021** |
|---|---|---|
| Висок комесаријат за бегалци на Обединетите нации (УНХЦР) | „Застапување интереси, правна помош и правно застапување на лица од интерес и спречување и намалување на бездржавјанството." | 14,873 |
| Council of Europe | Enhancing penitentiary capacities in addressing the radicalisation in prisons in Western Balkans | 850 |
| Група 484 | 1. Безбедност за човечки суштества и граници-борба против криумчарењето мигранти на Западен Балкан<br>2. BRMC, креирање пат за заедничка миграциска политика на Западен Балкан | 256 |
| Danish Refugee Council | "Keeping the unwanted out. Irregular border practices and informal cooperation by MS to circumvent EU legal frameworks and human rights" | 215 |
| Кралство Холандска Амбасада | Strengthening the Professionalism, Competence and Integrity of Young Lawyers in Macedonia | 2,755 |

| | | |
|---|---|---|
| Европска Унија | Елиминација на мачењето и нечовечкото постапување во затворите и установите за лишување од слобода | 1,356 |
| ГЦЕРФ Глобален фонд за вклучување и про-активност на заедни-ците | Градење на проактивни инклузивни за-едници | 3,719 |
| Секретаријат за отворено владино партнерство | Координирање на активностите за Авга-нистанците евакуирани во Скопје (Хотел Белви) | 16,075 |
| Sigrid Rausing Trust | Институционален грант | 6,830 |
| УНИЦЕФ | Support the provision of social protection to social risk families and facilitate networking between social workers and local CSOs 2 Legislative reform and capacity development related to justice for children-UNICEF | 5,318 |
| Фондација Отворено општество - Македо-нија | Правото во одбрана од негативното влијание на малите хидроелектрани во Македонија<br><br>Следење на спроведувањето на Страте-гијата за реформите во правосудството 2021<br><br>Итна интервенција за поддршка | 3,020 |

| | | |
|---|---|---|
| Германско друштво меѓународна соработка (ГИЗ) GMBH Support | Подигнување на свеста за трговија со деца преку интернет и трудова експлоатација на сезонски работници во Северна Македонија<br>Превенција од трговија со луѓе кај мигранти и сезонски работници во земјоделството | 1,846 |
| Европска мрежа за без државјанство | 1) Индекс за без државјанство<br>2) "Ending Roma Statelessness in the Western Balkans" | 268 |
| Еко-свест - СИДА | Граѓанските организации во акција за климатските промени | 4,614 |
| ABA ROLI | Вашата приватност е Ваша слобода | 518 |
| European Center for Not-for-Profit Law Stichting (ECNL) | New Technologies and the Right to Assembly in N. Macedonia | 281 |
| Приходи од продажба на производи и услуги | | 99 |
| Пренесен дел на приходи над расходи од претходна година | | 20,071 |
| Сопствени приходи од членарини | | 14 |
| Приходи од курсни разлики | | 2 |
| Приходи од услуги | | 263 |
| **ВКУПНО** | | **83,243** |



Структура на приходите во 2021 година според изворите




| | |
|---|---|
| 24 | Пренесен дел на приходи над расходи од претходна година |
| 2 | Останати приходи |
| 18 | УНХЦР |
| 1 | Совет на Европа |
| 3 | Кралство Холандска Амбасада |
| 2 | ЕУ |
| 4 | ГЦЕРФ |
| 19 | ОВП |
| 8 | Sigrid Rausing Trust |
| 6 | УНИЦЕФ |
| 4 | ФООМ |
| 2 | ГИЗ |
| 6 | СИДА |